**АД Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост**

**Финансиски извештаи**
за годината што завршува на
31 декември, **2019** г.

Извештај на независниот ревизор

## СОДРЖИНА

| | Страна |
|---|---|
| Извештај на независниот ревизор | 1-3 |
| Извештај за сеопфатна добивка | 4 |
| Извештај за финансиска состојба | 5 |
| Извештај за промените во главнината | 6 |
| Извештај за паричните текови | 7 |
| Белешки кон финансиските извештаи | 8-37 |

office@revizijaculeva.com.mk
www.revizijaculeva.com.mk

## ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

**До сопственикот и раководството на**
**АД Водостопанство на Република Северна Македонија**
**во државна сопственост**

Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на АД Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост (во понатамошниот текст "Друштвото"), што се состојат од Извештај за финансиската состојба на ден 31 декември, 2019 година, Извештај за сеопфатна добивка, Извештај за промени во главнината и Извештајот за парични текови за годината што тогаш завршува и прегледот на значајни сметководствени политики и останати белешки.

*Одговорност на раководството за финансиските извештаи*

Раководството е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со сметководствените стандарди што се применуваат во Република Северна Македонија и интерна контрола за која раководството смета дека е неопходна за подготвување на финансиските извештаи кои не содржат материјално погрешно прикажување без разлика дали тоа е резултат на измама или грешка.

*Одговорност на ревизорот*

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја извршивме нашата ревизија во согласност со Законот за ревизија на Република Северна Македонија и Меѓународните стандарди за ревизија што се применуваат во Република Северна Македонија. Овие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања, да ја планираме и извршиме ревизијата на начин кој ќе ни овозможи да добиеме разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува спроведување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од значајно погрешно прикажување во финансиските извештаи, настанато како резултат на измама или грешка. При проценувањето на овие ризици, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на Друштвото со цел дизајнирање на ревизорски постапки коишто се соодветни на околностите, но не за цел на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на Друштвото. Ревизијата исто така вклучува и оценка за соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се доволни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

*(Продолжува)*

[illegible] 17/1-1
1000 [illegible], Северна Македонија

Тел. [illegible] 3054 014
[illegible]@revizijaculeva.com.mk
www.revizijaculeva.com.mk

# ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

**До сопственикот и раководството на**
**АД Водостопанство на Република Северна Македонија**
**во државна сопственост**
**(Продолжение)**

*Основи за мислење со резерва*

a) Како што е наведено во Белешка 13 на овие финансиски извештаи, во една подружница (Подрачна единица Црн Дрим–Охрид) не се евидентирани градежни објекти, иако е евидентно дека истите се користат и од нив се генерираат приходи од корисници и наематели. Ова се објаснува со фактот дека за нив сѐуште не е утврден правниот сопственички статус.
Тоа е во спротивност со одредбите на МСС 16-Недвижности, постројки и опрема, според кој економската сопственост (правото на користење,) а не правната сопственост претставува предуслов за евидентирање на средствата во рамките на материјалните средства и тие можат да се евидентираат во финансиските извештаи по проценета вредност утврдена од овластена проценителска куќа.
Поради наведеното, потценета е книговодствената вредност на градежните средства односно на обврската за одложени приходи од средства добиени на користење на 31 декември 2019 година.

b) Како што е наведено во Белешка 16 на овие финансиски извештаи, во рамките на побарувањата од комитенти од Ден 470,532 илјади (2018: Ден 426,366 илјади) според старосната структура генерирана од сметководствениот софтвер на Друштвото, се вклучени побарувања постари од 3 и повеќе години во износ од Ден 170,457 илјади (2018: Ден 133,117 илјади) за кои во финансиските извештаи не е направена исправка поради застареност.
Поради наведеното, не можеме да ја потврдиме вредноста на побарувањата од корисници на 31 декември 2019 година.

*Основи за мислење со резерва*

Според наше мислење, освен ефектите кои можат да произлезат од Основите за мислење со резерва, финансиски извештаи ја прикажуваат реално и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на АД Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост на ден 31 декември 2019 година, како и финансискиот резултат, извештајот за промени на главнината и извештајот за паричните текови за годината што тогаш завршува, во согласност со сметководствените стандарди што се применуваат во Република Северна Македонија.

*(Продолжува)*



Client [illegible], [illegible] driver

Ревизија Чулева

[illegible] Скопје, [illegible] Македонија

Т: [illegible] 32 3044 [illegible]
[illegible]@revizijaculeva.com.mk
www.revizijaculeva.com.mk

# ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

**До сопственикот и раководството на**
**АД Водостопанство на Република Северна Македонија**
**(Продолжение)**

***Обрнување на внимание***

Без да даваме натамошни квалификации во нашето мислење, обрнуваме внимание на следното:

- Како што е обелоденето во Белешка 2.15 кон финансиските извештаи, одобрените финансиски извештаи за 2019 година од страна на раководството на Друштвото биле предадени во Централниот регистер на Република Северна Македонија на 15 март 2020 година. Меѓутоа, врз основа на наодите и предложените корекции од страна на ревизорот, а во согласност со важечките сметководствени прописи, приложените финансиски извештаи се корегирани за идентификуваните ефекти во текот на ревизијата. Корегираните финансиски извештаи беа дополнително усвоени и предадени во Централниот Регистар на Република Северна Македонија.

- Како што е утврдено во Белешка 13-Недвижности, постројки и опрема, во отсуство на утврден финален статус на сопственоста врз недвижностите, Одборот на директори со своја Одлука бр.0202-879 од 14.03.2019 година го утврди статусот на недвижностите (и другата опрема) како средства добиени со право на користење, но без право на сопственост. Со тоа се овозможи примена на МСС 20 - Сметководство за државни подаршки и обелоденување на државна помош.

- Како што е обелоденето во Белешка 22-Акционерска главнина, во Централниот Регистар на Република Северна Македонија, називот на Друштвото и во тековната состојба сѐуште не е ажуриран, односно не го содржи префиксот Северна. Исто така, влогот на единствениот акционер-Владата на Република Северна Македонија не е сменет за да ја рефлектира зголемената вредност на акционерската главнина од Ден 36,150 илјади.

*Извештај за други правни и регулативни барања*

Раководството на Друштвото, исто така, е одговорно за подготвување на годишниот извештај за работа во согласност со одредбите на Законот за трговски друштва. Наша одговорност во согласност со Законот за ревизија е да известиме за конзистентноста на годишната сметка и финансиските извештаи за годината што завршува на 31 декември 2019. Нашата работа во однос на годишниот извештај за работа е извршена во согласност со МСР 720 и е ограничена на известување дали историските финансиски информации прикажани во годишниот извештај за работа се конзистентни со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи.

Финансиските информации во годишниот извештај за работа се конзистентни, во сите материјални аспекти, со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на АД Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост за годината што завршува на 31 декември 2019.

**ТП РЕВИЗИЈА ЧУЛЕВА-Скопје**
Соња Чулева, Управител

Соња Чулева, *Овластен ревизор*

Скопје, 28 јули, 2020 година

## ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА (КОРЕГИРАН)
**Година што завршува на 31 декември 2019**
**(Во илјади Денари)**

| | Белешки | 31 декември 2019 | 31 декември 2018 |
|---|---|---|---|
| ***Приходи*** | | | |
| Приходи од продажба | 2.2;3 | 278,652 | 300,206 |
| Останати приходи | 2.2;4 | 337,791 | 352,966 |
| | | **616,443** | **653,172** |
| ***Трошоци*** | | | |
| Материјали и енергија | 5 | (34,346) | (39,913) |
| Транспортни и други услуги | 6 | (27,075) | (51,991) |
| Депрецијација & амортизација | 2.5;12;13 | (320,223) | (322,624) |
| Трошоци за вработените | 2.9;7 | (196,065) | (189,959) |
| Останати оперативни трошоци | 8 | (31,202) | (32,329) |
| | | **(608,911)** | **(636,816)** |
| Финансиски (трошоци)-нето | 2.3;9 | (5,317) | (4,916) |
| **Добивка (загуба) пред оданочување** | | **2,215** | **11,440** |
| Данок на добивка | 2.4;10 | (469) | (1,357) |
| **Нето добивка за годината** | | **1,746** | **10,083** |
| **Останата сеопфатна добивка** | | - | - |
| **Вкупна сеопфатна добивка** | | **1,746** | **10,083** |

**Основна заработувачка по акција:**
**Ден 48.30/акција**
**(2018: Ден 1,639 /акција)**

*Белешките кон финансиските извештаи претставуваат составен дел на овие финансиски извештаи*

Овие корегирани финансиски извештаи се прифатени и одобрени од раководството на Друштвото на 24 јули, 2020 година.

Главен извршен Директор,
**Ильми Селами**

Овластен сметководител,
**Ангел Петков**

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА (КОРЕГИРАН)
**На 31 декември 2019**
**(Во илјади Денари)**

| | Белешка | За годината што завршува на 31 декември 2019 | 2018 |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| **Не-тековни средства** | | | |
| Нематеријални средства-нето | 2.5; 12 | 3,478 | 3,834 |
| Недвижности, постројки и опрема-нето | 2.5; 13 | 5,273,810 | 5,551,498 |
| Долгорочни финансиски вложувања | 2.13; 14 | 5,805 | 5,805 |
| | | **5,283,093** | **5,561,137** |
| **Тековни средства** | | | |
| Пари и парични еквиваленти | 2.8; 15 | 127,060 | 14,875 |
| Побарувања од купувачи | 2.10; 16 | 485,723 | 446,184 |
| Останати побарувања | 17 | 4,840 | 3,699 |
| Залихи | 2.7; 18 | 16,789 | 18,499 |
| | | **634,412** | **483,257** |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | | **5,917,505** | **6,044,394** |
| **СОПСТВЕНИЧКА ГЛАВНИНА И ОБВРСКИ** | | | |
| **Сопственичка главнина** | | | |
| Акционерски капитал | 22 | 36,150 | 6,150 |
| Законска резерва | 22 | 1,230 | 1,230 |
| Акумулирана добивка | 22 | 345,501 | 309,759 |
| Нето добивка за годината | 22 | 1,746 | 10,083 |
| | | **384,627** | **327,222** |
| **Долгорочни обврски** | | | |
| Обврска за одложени приходи од државни поддршки | 2.5; 23 | **5,175,670** | **5,479,327** |
| **Тековни обврски** | | | |
| Обврски кон добавувачи | 19 | 172,234 | 174,667 |
| Останати тековни обврски | 20 | 91,974 | 63,178 |
| Обврска за краткорочна позајмица | 21 | 93,000 | - |
| | | **357,242** | **237,845** |
| **ВКУПНО СОПСТВЕНИЧКА ГЛАВНИНА И ОБВРСКИ** | | **5,917,505** | **6,044,394** |

*Белешките кон финансиските извештаи претставуваат составен дел на овие финансиски извештаи*

Овие корегирани финансиски извештаи се прифатени и одобрени од раководството на Друштвото на 24 јули, 2020

Главен извршен Директор,
**Ильми Селами**

Овластен сметководител,
**Ангел Петков**

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИТЕ ВО ГЛАВНИНАТА
**Година што завршува на 31 декември, 2019**
**(Во илјади Денари)**

| | Акционерски капитал | Законска резерва | Акумулирана добивка | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|
| **На 1 јануари 2019** | 6,150 | 1,230 | 319,842 | 327,222 |
| Зголемување на сопственичка главнина по Одлука бр.45-5458/1 од 23.07.2019 година. | 30,000 | - | - | 30,000 |
| Зголемување од градежни објекти добиени во сопственост на АД (Подружница Пелагонија -Битола) | - | - | 34,132 | 34,132 |
| Корекција на грешка по Решение на УЈП за помалку евидентиран ДДВ во 2016 | - | - | (8,057) | (8,057) |
| Корекција на грешка поради помалку евидентиран износ на инвестиции во тек (ПЕ Тиквеш Кавадарци) | - | - | (416) | (416) |
| Останата сеопфатна добивка | - | - | - | - |
| Нето добивка за 2019 | - | - | 1,746 | 1,746 |
| **На 31 декември 2019** | 36,150 | 1,230 | 347,247 | 384,627 |
| | | | | |
| **На 1 јануари 2018** | 6,150 | 1,230 | 490,062 | 497,442 |
| Рекласификација по Одлука на ОД бр.0202-879 од 14.03.2019 | - | - | (162,821) | (162,821) |
| Корекција на грешка (МСС 8 ) по Одлука на ОД бр.0202-878 од 14.03.2019 | - | - | (17,482) | (17,482) |
| Нето добивка за 2018 | - | - | 10,083 | 10,083 |
| Останата сеопфатна добивка | - | - | - | - |
| **На 31 декември 2018** | 6,150 | 1,230 | 319,842 | 327,222 |

*Белешките кон финансиските извештаи претставуваат составен дел на овие финансиски извештаи*

Овие корегирани финансиски извештаи се прифатени и одобрени од раководството на Друштвото на 24 јули, 2020 година.

Главен извршен Директор,
**Илми Селими**

Овластен сметководител,
**Ангел Петков**

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ
**Година што завршува на 31 декември 2019**
**(Во илјади Денари)**

| | Белешки | За годината што завршува на 31 декември 2019 | 2018 |
|---|---|---|---|
| **Готовински прилив од оперативна активност** | | | |
| **Добивка (загуба) пред оданочување** | | **2,215** | 11,440 |
| *Корегирана за:* | | | |
| Депрецијација/амортизација на материјални средства и нематеријални средства | | 320,653 | 322,624 |
| Одложени приходи од недвижности добиени на користење | | (311,978) | (313,003) |
| Трошок од отпис на материјални средства | | - | - |
| (Зголемување)/намалување на побарувања од купувачи и други побарувања | | (40,680) | 47,091 |
| (Зголемување)/намалување на залихи | | 1,710 | 25,501 |
| (Намалување)/зголемување на обврски кон добавувачи и останати тековни обврски | | 17,265 | (97,906) |
| ***Нето готовина од оперативни активности*** | | *(10,815)* | *(4,253)* |
| **Инвестициони активности** | | | |
| Набавка на основни средства | | - | (17,335) |
| Прилив од продажба на основни средства | | - | - |
| Наплатена камата | | - | - |
| ***Нето готовина во инвестициони активности*** | | - | *(17,335)* |
| **Финансиски активности** | | | |
| Прилив од зголемување на оснивачки капитал | | 30,000 | - |
| Прилив од добиена позајмица | | 93,000 | - |
| Прилив/одлив од финансиски обврски | | - | (9,435) |
| ***Нето готовина од финансиски активности*** | | *123,000* | *(9,435)* |
| ***Нето зголемување на пари и парични еквиваленти*** | 2.8:15 | *112,185* | *(31,023)* |
| ***Пари и парични еквиваленти на почеток на годината*** | 2.8:15 | *14,875* | *45,898* |
| ***Пари и парични еквиваленти на крај на годината*** | 2.8:15 | *127,060* | *14,875* |

*Белешките кон финансиските извештаи
претставуваат составен дел на овие финансиски извештаи*

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември 2019**

## 1. ОСНОВАЊЕ И ДЕЈНОСТ

АД Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост (во понатамошниот текст "Друштвото") е акционерско друштво формирано во Скопје со Законот за водостопанство ("Службен весник на Република Македонија" бр.51/2015, 193//2015 и 189/2016.) Друштвото е регистрирано во Централниот Регистар под ЕМБС бр. 7080336 на 28.10.2015 година.

АД Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост е правен следбеник на поранешните водни стопанства:
ВС Тиквеш-Кавадарци; ВС Брегалница-Кочани; ВС Скопско Поле-Скопје; ВС Прилепско Поле –Прилеп; ВС Кумановско-Липковско Поле- Куманово; ВС Струмичко Поле-Струмица; ВС Радовишко Поле-Радовиш; ВС Битолско Поле-Битола; ВС Полог-Гостивар; ВС Берово-Берово; ВС Јужен Вардар-Гевгелија и ВС Преспа-Ресен.

Единствен сопственик/основач на Друштвото е Владата на Република Северна Македонија.

Седиште: 3-та Македонска бригада 1 бр.10а Скопје-Аеродром.

Основна дејност на Друштвото е 01.61:Помошни дејности за одгледување на посеви.
Претежна дејност: Дејност од јавен интерес.

***Апликативни закони***

| Апликативни закони | Делокруг | Службен весник број/година |
|---|---|---|
| Закон за водостопанство | Основна дејност | 51/2015, 193/2015 и 189/2016 |
| Закон за води | Надоместоци и придонеси | 87/08; 6/09; 161/09; 83/10; 51/11; 44/12; 23/13 и 163/13; 180/2014; 146/2015. |
| Закон за трговски друштва | Основање, финансиско известување | 28/2004,84/2005/25/2007, 87/2008,24/2011, 166/2012, 70/2013, 119/2013, 120/2013, 187/2013, 38/2014, 41/2014, 138/2014, 88/2015, 192/2015, 06/2016, 30/2016 ; 61/2016; 64/2018 и 120/2018. |
| Закон за јавни набавки | Набавки на стоки и услуги (2018) | 136/2007 со пратечките измени |
| Закон за јавни набавки | Набавки на стоки и услуги (2019) | 24/2019 |

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември 2019**

## 1. ОСНОВАЊЕ И ДЕЈНОСТ (Продолжение)

***Орган на управување: Одбор на Директори***

- Иљми Селами - Извршен член на Одбор на директори - Главен извршен директор;
- Зоран Ристов- Неизвршен член на Одбор на директори;
- Стојан Ефтимов-Неизвршен член на Одбор на директори;
- Александар Давидовски– Неизвршен член на Одбор на директори;
- Дарко Радески – Неизвршен член на Одбор на директори;
- Катерина Андонова - Неизвршен член на Одбор на директори;
- Милан Кироски - Неизвршен член на Одбор на директори.

***Надлежности***

Во согласност со член 5 од Законот за водостопанство, Друштвото ги има следните надлежности:

- Снабдување со вода за наводнување;
- Снабдување со вода на комунални претпријатија (вода за пиење и други потреби;)
- Снабдувањесо вода за индустриски и стопански потреби, вклучувајќи и производство на електрична енергија;
- Уредување на речни корита;
- Одводнување на земјиште;
- Одведување на испуски води.

***Извори на финансирање***

- Надоместоци за услуги за снабдување со води;
- Надоместоци за одводнување;
- Надоместоци за одведување на испуштени води;
- Кредити;
- Донации;
- Други извори.

***Надоместоци и придонеси***

Во согласност со член 213.5 од Законот за води, Друштвото е обврзано да плати 2% од утврдената цена по м$^3$ за користење вода за наводнување.

Во согласност со член 213.9 од Законот за води, Друштвото е обврзано да плати 1% од утврдената цена за 1 ха земјиште за користење вода за одводнување.

Во согласност со член 215 од Законот за води, Друштвото плаќа 7% од цената на 1м$^3$ надомест за вадење песок, чакал и камен, за кое има претходно издадено дозвола.

Овие надоместоци, согласно Законот за води, Друштвото е обврзано да ги уплатува еднаш месечно на трезорска сметка.

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември 2019**

## 1. ОСНОВАЊЕ И ДЕЈНОСТ (Продолжение)

*Организациони делови*

Во својот состав Друштвото има Дирекција и 14 подружници (Подрачни единици:)

| Ред. бр. | Регион | Седиште | Овластено лице |
|---|---|---|---|
| 1. | Тиквеш | Кавадарци | Ристо Манев |
| 2. | Брегалница | Кочани | Дени Митров |
| 3. | Скопско Поле | Скопје | Маја Димоска |
| 4. | Прилепско Поле | Прилеп | Звонко Талески |
| 5. | Кумановско-Липковско Поле | Куманово | Оливер Илиевски |
| 6. | Струмичко Поле | Струмица | Лазар Ѓоргиев |
| 7. | Радовишко Поле | Радовиш | Сања Ристова |
| 8. | Битолско Поле | Битола | Стојан Георгиевски |
| 9. | Полог | Гостивар | Имрљи Бекири |
| 10. | Јужен Вардар | Гевгелија | Ристо Ѓуров |
| 11. | Берово | Берово | Зоран Аговски |
| 12. | Црн Дрим | Охрид | Ѓоко Стефановски |
| 13. | Свети Николе | Свети Николе | Владо Ивановски |
| 14. | Тетово | Тетово | Артон Бајрами |

На 31 декември, 2019 година Друштвото има 543 вработени (2018: 573 вработени.)

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември 2019**

## 2. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

### 2.1 Основи за подготовка и презентација на финансиските извештаи

Друштвото ја води својата сметководствена евиденција и ги подготвува своите финансиски извештаи во согласност со одредбите на членот 469, став 6 од Законот за трговски друштва ("Службен весник на Република Македонија" бр. 28/2004 со пратечките измени) и Правилникот за водење сметководство ("Службен весник на Република Македонија" бр.159/2009.) Според овој Правилник, сметководствените стандарди кои се применуваат во Република Северна Македонија се Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ) од 2009 година утврдени од Одборот за Меѓународни сметководствени стандарди (ИАСБ.)

Финансиските извештаи на Друштвото се прикажани во илјади македонски Денари. Денарот претставува официјална валута на известување во Република Северна Македонија.

### 2.2 Признавање на приходите

Приходот се признава кога станува веројатно дека идни економски користи ќе влезат во Друштвото и овие користи можат да бидат соодветно измерени. Приходите од продажба се прикажуваат според фактурната вредност, нето од одобрените попусти и данокот на додадена вредност.

Друштвото остварува приходи од наплата на следните надоместоци:

- надомест за наводнување
- надомест за одводнување
- надомест за испуштени води,
- надомест за испорачани количини на вода за водоснабдување и индустриска потрошувачка
- останати

Висината на надоместоците се утврдува во согласност со методологија, која на предлог на Министерството за земјоделство и шумарство на Република Северна Македонија, ја усвојува Владата на Република Северна Македонија.

## 2. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (Продолжение)

### 2.3 Трансакции во странска валута

Трансакциите настанати во странска валута се искажуваат во Денари со примена на официјалните курсеви на Народна Банка на Република Северна Македонија кои важат на денот на трансакцијата.

Нето позитивни и негативни курсни разлики се вклучени во Извештајот за сеопфатна добивка во периодот кога настанале.

Средствата и обврските кои гласат на странска валута се искажуваат во Денари со примена на официјалните курсеви кои важат на денот на составувањето на Извештајот за финансиска позиција.

### 2.4 Данок на добивка

*Тековен данок на добивка*
Согласно измените на Законот за данокот на добивка што се применуваат и на фискалната 2019 година, данок на добивка од 10% се пресметува на добивката од Билансот на успех зголемена за износот на даночно непризнати расходи. Во согласност со даночната легислатива што се применува во Република Северна Македонија, проценетиот износ на данок на добивка врз месечна основа се плаќа авансно.

*Одложен данок на добивка*
Одложен данок на добивка се утврдува со примена на методот на обврски во билансот на состојба за сите времени разлики кои се јавуваат помеѓу даночната основа на средствата и обврските и нивната сметководствена вредност во финансиските извештаи. Стапката на данок на добивка на денот на билансот на состојба се употребува за утврдување на одложените даночни средства и обврски. Одложените даночни обврски се признаваат за сите оданочиви времени разлики. Одложена даночна средства се признаваат за одбитните времена разлики и ефектите од даночните загуби се пренесуваат во обем во којшто постои веројатност дека ќе се оствари оданочива добивка со цел да се овозможи одбитните времени разлики и пренесените даночни загуби да бидат искористени.

## 2. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (Продолжение)

### 2.5 Недвижности,постројки и опрема

***Недвижности (земјиште и градежни средства) - сопственост на Република Северна Македонија***

Во основните средства на Друштвото се евидентирани недвижности (земјиште, градежни објекти, и инвестиции во тек) што се сопственост на Република Северна Македонија. Со овие средства Друштвото стопанисува и ги одржува. За овие средства Друштвото има долгорочна обврска за одложени приходи еднакви на вредноста на тековната депрецијација за истите. Исто така, во основните средства е вклучена и опрема која е набавена со средства од државни поддршки, која го има истиот сметководствен третман како и недвижностите (МСС 20- Државни поддршки.)

Со Одлука бр.0202-879 од 14.03.2019 година, Одборот на директори на друштвото ја утврди вредноста на недвижности добиени на користење.Оваа Одлука ќе се користи до добивање на официјален статус на недвижностите од Катастарот на недвижности.

***Основни средства (опрема, возила, мебел) во сопственост на Друштвото***

Во рамките на основните средства се евидентирани опрема, канцелариски мебел и возила што се набавени со сопствени средства.Тие се евидентирани во согласност со МСС 16- Недвижности, постројки и опрема со користење на основниот (трошочен) модел.

***Иницијално признавање на средствата***

Трошокот на ставките на основните средства се состои од набавна вредност, вклучувајќи царини и даноци што не се одбиваат, по одбивање на дисконти и рабати и други трошоци кои директно се додаваат, односно го носат средството на локацијата и во кондиција потребна за да биде користено онака како што одлучило раководството.

Земјиштето се признава по неговата набавна вредност. Во согласност со локалната регулатива, земјиштето не се депрецира.

Опремата и возилата се признаваат по набавна вредност која вклучува цена, даноци што не се одбиваат и други трошоци кои директно се припишуваат во доведување на средството на саканата локација и кондиција потребна за обавување на оперативните цели.

Книговодствената вредност на основните средства е предмет на разгледување за случај на обезвредување кога одредени настани или промени на околностите укажуваат дека книговодствената вредност не може да биде надоместена. Доколку постојат вакви индиции,односно сметководствената вредност го надминува проценетиот надоместувачки износ,на средствата им се намалува нивната вредност до нивниот надоместувачки износ.

Депрецијацијата се признава со примена на праволиниска стапка на депрецијација за време на корисниот век на средството.

Во продолжение се дадени годишни стапки за депрецијација применети на некои позначајни ставки од опремата:

| | |
|---|---|
| Опрема | 5%-10 % |
| Компјутери | 20% |
| Софтвер | 25% |
| Телеком.опрема | 20%-25% |

На материјалните вложувања во изградба, до моментот на ставање на истите во употреба, не се пресметува депрецијација.

## 2. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (Продолжение)

### 2.7 Залихи

Залихите на Друштвото се состојат од залиха на материјали и ситен инвентар, резервни делови и автогуми и ситен инвентар и автогуми во употреба.

### 2.8 Пари и парични еквиваленти

Парите и паричните еквиваленти се состојат од пари на денарска и девизна сметка, депозити по видување и пари во каса.

### 2.9 Испратнини за пензионирање, пензиски планови и технолошки вишок

Друштвото учествува во пензискиот фонд со уплатување на определени придонеси утврдени со домашната легислатива. Придонесите, кои зависат од висината на платите, се уплатуваат во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Северна Македонија. Не постојат дополнителни обврски во однос на пензиските планови.

Друштвото исто така исплаќа трократен износ од просечно исплатена нето плата во Република Северна Македонија како отпремнина во случај на заминување во старосна пензија. Друштвото нема резервирано средства за ваквите отпремнини бидејќи смета дека истите нема да имаат значаен ефект врз финансиските извештаи.

### 2.10 Побарувања од купувачи

Побарување од купувачи се водат по номинална вредност,намалена за соодветни исправки за проценети сомнителни износи.

### 2.11 Поврзани субјекти

Однос со поврзани субјекти се јавува доколку едниот субјект демонстрира контрола врз другиот субјект или поседува исклучително влијание во одлуките за финансиските и оперативните одлуки на другиот субјект.

Трансакциите со поврзани субјекти претставуваат трансфери на средства или обврски помеѓу поврзаните субјекти, без разлика дали е вредноста платена.
Поврзани субјекти се сметаат дека се оние кои имаат значајна улога во донесување на финансиските и оперативните одлуки на Друштвото. Мнозинскиот, односно единствен сопственик на Друштвото е Владата на Република Северна Македонија која има значајно влијание врз Друштвото, а со тоа и моќ да го контролира работењето на Друштвото во целина.

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември 2019**

## 2. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (Продолжение)

### 2.12 Корекција на грешка

Корекција на грешка се евидентира согласно со МСС 8 – Сметководствени политики, промени на сметководствени проценки и грешки, на терет / во корист на акумулираната добивка во Билансот на финансиска позиција. Корекцијата на грешка спроведена во 2019 година на терет на акумулираната добивка, во вкупен износ од Ден 8,473 илјади, која се состои од износ за помалку платен ДДВ за 2016 година согласно Решение на УЈП во износ од Ден 8,057 илјади и грешка за помалку евидентиран износ на инвестиции во тек од поранешни години во износ од Ден 416 илјади.

БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ
31 декември 2019

## 2. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (Продолжение)

### 2.13 Јавни набавки

Претпријатието ги извршува набавките чија вредност е поголема од ЕУР 1,000 во денарска противвредност во согласност со Законот за јавни набавки ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.24/2019 година.

### 2.14 Долгорочни финансиски вложувања

Долгорочните финансиски вложувања се состојат од учество во капиталот во поврзани и останати правни лица, хартии од вредност наменети за тргување или расположиви за продажба.

*Учество во капиталот на поврзани и останати правни лица*
Учеството во капиталот во поврзани и други правни лица почетно се признаваат по набавне вредност, а на крајот на периодот за известување се исказуваат по фер вредност, при што разликата се ефектуира во Извештајот за сеопфатна добивка.

*Хартии од вредност наменети за тргување*
Хартиите од вредност наменети за тргување се вреднуваат по фер вредност.Фер вредноста се дефинира како износ по кој едно средство може да се размени или да се затвори обврска меѓу две страни кои имаат волја да ја обават трансакцијата на заемно корисен и пријателски начин. Добивките или загубите што при тоа се јавуваат, се вклучуваат во нето добивките или загубите на периодот.

*Хартии од вредност расположиви за продажба*
Хартиите од вредност расположиви за продажба се вреднуваат по фер пазарна вредност. Сите реализирани загуби или добивки во однос на фер вредноста се евидентираат преку ревалоризациона резерва, а во моментот на фактичка продажба како трошок на периодот.

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември 2019**

## 2. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (Продолжение)

### 2.15 КОРЕКЦИЈА НА ГОДИШНА СМЕТКА

Одобрените финансиски извештаи за 2019 година од страна на раководството на Друштвото беа предадени во Централниот регистар на Република Северна Македонија на 15 март 2020 година. Меѓутоа, врз основа на наодите и предложените корекции од страна на ревизорот, во согласност со прописите, приложените финансиски извештаи се коригирани за идентификуваните ефекти во текот на ревизијата. Корегираните финансиски извештаи се дополнително усвоени и предадени во Централниот Регистар на Република Северна Македонија. Корекцијата на годишната сметка на Ентитетот за годината што завршува на 31 декември 2019 година, поднесена во Централен Регистар на Република Северна Македонија е прикажана подолу:

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА (КОРЕГИРАН)**
**На 31 декември 2019**
**(Во илјади Денари)**

| | 2019-Пред корекција | Др | Пб | 2019-КОРЕГИРАН |
|---|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | | |
| **Не-тековни средства** | | | | |
| Нематеријални средства-нето | 3,478 | - | - | 3,478 |
| Недвижности, постројки и опрема: | | | | |
| -Земјиште | 32,011 | | | 32,011 |
| -Градежни објекти | 11,335,740 | 40,419 | - | 11,376,159 |
| -Акумулирана депрецијација на градежни | (6,325,211) | - | 25,857 | (6,351,068) |
| -Постројки и опрема -нето | 141,460 | - | - | 141,460 |
| -Инвестиции во тек | 75,248 | - | - | 75,248 |
| Долгорочни финансиски вложувања | 5,805 | - | - | 5,805 |
| | 5,268,531 | 40,419 | 25,857 | 5,283,093 |
| **Тековни средства** | | | | |
| Пари и парични еквиваленти | 127,060 | - | - | 127,060 |
| Побарувања од купувачи | 485,723 | - | - | 485,72[illegible] |
| Останати побарувања | 4,840 | - | - | 4,840 |
| Залихи | 16,789 | - | - | 16,789 |
| | 634,412 | | | 634,412 |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | **5,902,943** | 40,419 | **25,857** | 5,917,505 |
| **СОПСТВЕНИЧКА ГЛАВНИНА И ОБВРСКИ** | | | | |
| **Сопственичка главнина** | | | | |
| Акционерски капитал | (36,150) | - | - | (36,150) |
| Законска резерва | (1,230) | - | - | (1,230) |
| Акумулирана добивка | (311,786) | - | 33,715 | (345,501) |
| Нето добивка за годината | (70) | - | 1,676 | (1,746) |
| | **(349,236)** | - | **35,391** | **(384,627)** |
| **Долгорочни обврски** | | | | |
| Обврска за одложени приходи од државни поддршки | **(5,196,651)** | 20,981 | - | (5,175,670) |
| **Тековни обврски** | | | | |
| Обврски кон добавувачи | (172,234) | - | - | (172,234) |
| Останати тековни обврски | (91,822) | - | 814 | (91,974) |
| Обврска за краткорочна позајмица | (93,000) | - | - | (93,000) |
| | **(357,056)** | - | 814 | **(357,208)** |
| **ВКУПНО СОПСТВЕНИЧКА ГЛАВНИНА И ОБВРСКИ** | (5,902,943) | **20,981** | 37,677 | **(5,917,505)** |

# БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ
**31 декември 2019**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА (КОРЕГИРАН)**
**Година што завршува на 31 декември 2019**
(Во илјади Денари)

| | 31 декември 2019- пред корекција | Др | По | 31 декември 2019- КОРЕГИРАН |
|---|---|---|---|---|
| *Приходи* | | | | |
| Приходи од продажба | (278,652) | - | - | (278,652) |
| Останати приходи | (332,040) | - | (5,751) | (337,791) |
| | (610,692) | - | (5,751) | (616,443) |
| *Трошоци* | | | | |
| Материјали и енергија | 34,346 | - | - | 34,346 |
| Транспортни и други услуги | 27,075 | - | - | 27.075 |
| Депрецијација & амортизација | 319,010 | 1,213 | - | 320.223 |
| Трошоци за вработените | 196,065 | - | - | 196,065 |
| Останати оперативни трошоци | 28,526 | 2,676 | - | 31,202 |
| | 605,022 | 3,889 | - | 608,911 |
| Финансиски (трошоци)-нето | 5,317 | - | - | 5,317 |
| **Добивка (загуба) пред оданочување** | (353) | - | - | (2.215) |
| Данок на добивка | 283 | - | - | 469 |
| **Нето добивка за годината** | (70) | - | - | (1,746) |
| **Останата сеопфатна добивка** | - | - | - | - |
| **Вкупна сеопфатна добивка** | (70) | - | - | (1,746) |
| **Основна заработувачка по акција** | **Ден.1,93/акција** | | | **Ден.48,30/акција** |

## 2.16 Сметководствен принцип на континуитет

Финансиските извештаи на Друштвото се подготвени врз основа на принципот на континуитет на 31 декември 2019 година и овој принцип продолжува да постои како претпоставка и после издавањето на финансиските извештаи.
Принципот продолжува да постои и во наредниот период без оглед на фактот од можните импликации од COVID-19, што во овој момент раководството ги проценува но сеуште не е во состојба да ги квантифицира.

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември 2019**

## 3. ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБИ

| | Во илјади Денари<br>За годината што завршува<br>на 31 декември | |
|---|---|---|
| | **2019** | **2018** |
| Приходи од продажба на стоки и услуги | 249,536 | 255,805 |
| Приходи од користење сопствено производство | - | 576 |
| Приходи од наем на простор и опрема | 5,588 | 5,483 |
| Приход од продажба на песок и електрична енергија | 23,528 | 38,342 |
| | **278,652** | **300,206** |

## 4. ОСТАНАТИ ПРИХОДИ

| | Во илјади Денари<br>За годината што завршува<br>на 31 декември | |
|---|---|---|
| | **2019** | **2018** |
| Одложени приходи од донирани средства (Белешка 22) | 311,834 | 313,003 |
| Наплатени отпишани побарувања/обврски | 16,082 | 4,188 |
| Приходи од вредносно усогласување залихи | 3 | 4 |
| Приходи од ефект од ризик | 2,743 | - |
| Приходи од минати години | 933 | - |
| Останати приходи | 3,508 | 35,771 |
| Приходи од пренос на средства меѓу подружници | 2,688 | - |
| | **337,791** | **352,966** |

Приходите од донирани средства Ден 311,834 илјади (2018: Ден 313,003 илјади) всушност се однесуваат на одложени приходи еднакви на износот на амортизација и депрецијација на основни средства набавени од парични средства или средства добиени како донации од државата, евидентирани согласно МСС 20-Сметководство за државни подршки и обелоденување на државна помош со примена на приходен пристап.

Приходот од пренос од Ден 2,688 илјади се однесува на пренесените залихи од ПЕ Брегалница Кочани на ПЕ Свети Николе.

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември 2019**

## 5. МАТЕРИЈАЛИ И ЕНЕРГИЈА

| | Во илјади Денари<br>За годината што завршува на 31 декември | |
|---|---|---|
| | **2019** | **2018** |
| Канцелариски и други материјали | 3,001 | 5,999 |
| Потрошена енергија | 30,821 | 31,285 |
| Резервни делови | 486 | 1,754 |
| Отпис на ситен инвентар | 38 | 875 |
| | **34,346** | **39,913** |

## 6. ТРАНСПОРТНИ И ДРУГИ УСЛУГИ

| | Во илјади Денари<br>За годината што завршува на 31 декември | |
|---|---|---|
| | **2019** | **2018** |
| Поштенски услуги (телефонија, електронска пошта) | 2,193 | 2,595 |
| Надворешни услуги | 226 | 4,507 |
| Одржување | 13,277 | 29,659 |
| Наемнина | 5,564 | 4,948 |
| Комунални услуги | 1,634 | 4,303 |
| Останати услуги | 1,475 | 4,847 |
| Осигурување | 2,071 | 350 |
| Банкарска провизија | 635 | 782 |
| | **27,075** | **51,991** |

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември 2019**

## 7. ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ

| | Во илјади Денари<br>За годината што завршува на 31 декември | |
|---|---|---|
| | **2019** | **2018** |
| Бруто плати & надоместоци | 194,969 | 186,843 |
| Дневници за службени патувања | 83 | 790 |
| Трошоци за Борд на директори | 1,013 | 2,326 |
| | **196,065** | **189,959** |

## 8. ОСТАНАТИ ОПЕРАТИВНИ ТРОШОЦИ

| | Во илјади Денари<br>За годината што завршува на 31 декември | |
|---|---|---|
| | **2019** | **2018** |
| Реклама и репрезентација | 1,240 | 1,834 |
| Спонзорство/донации | - | - |
| Даноци што не зависат од резултатот | 2,441 | 774 |
| Вредносно усогласување на побарувања од комитенти | 874 | 71 |
| Расходување на основни средства | - | - |
| Одобрени дополнителни рабати | 1,035 | 1,925 |
| Казни и пенали | 2,777 | 1,057 |
| Трошоци од минати години | 922 | - |
| Отпис на побарувања | - | 684 |
| Интелектуални услуги и останати трошоци | 19,237 | 26,984 |
| Трошок од преотстапени средства (залихи) од една подрачна единица во друга подрачна единица (Белешка 4) | 2,676 | - |
| | **31,202** | **32,329** |

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември 2019**

## 9. ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ -НЕТО

| | Во илјади Денари<br>За годината што завршува на 31 декември | |
|---|---|---|
| | **2019** | **2018** |
| Трошок за камата | (6,831) | (9,405) |
| Приход од камати | 516 | 340 |
| Позитивни курсни разлики | - | - |
| Негативни курсни разлики | - | (30) |
| Останати финансиски приходи/(расходи)-нето | 998 | 4,179 |
| | **(5,317)** | **(4,916)** |

## 10. ДАНОК НА ДОБИВКА

Тековните трошоци за данокот на добивка се пресметуваат според Законот за данок на добивка кој се применува во Република Северна Македонија. Законскиот данок на добивка се пресметува со примена на 10% даночна стапка (2018:10%) .

| | Во илјади Денари<br>За годината што завршува на 31 декември | |
|---|---|---|
| | **2019** | **2018** |
| Добивка пред оданочување | 2,215 | 11,440 |
| Данок на добивка 10% (2018:10%) | (469) | (1,357) |
| Ефективна даночна стапка | **21,17%** | **11.86%** |

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември 2019**

## 11. ОСНОВНА ЗАРАБОТУВАЧКА ПО АКЦИЈА

| | Во Денари | |
|---|---|---|
| | За годината што завршува на 31 декември | |
| | 2019 | 2018 |
| Нето добивка / (загуба) за годината | 1,746,206 | 10,082,567 |
| Пондериран просечен број на акции | 36,150 | 6,150 |
| **Основна заработувачка по акција(во Денари)** | **48.30** | **1,639.44** |

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември 2019**

## 12. НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА (Во илјади Денари)

| | Издатоци за развој | Софтвер и други права | Средства во подготовка | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|
| **Набавна вредност** | | | | |
| **На 1 јануари 2019** | 2,172 | 2,698 | 2,601 | 7,471 |
| Нови набавки | - | 74 | - | 74 |
| Отпис/продажби | (2,172) | - | - | (2,172) |
| Трансфери | - | - | - | - |
| **На 31 декември 2019** | - | 2,772 | 2,601 | 5,373 |
| **Акумулирана амортизација** | | | | |
| **На 1 јануари 2019** | (2,172) | (1,465) | - | (3,637) |
| Трошок за годината | - | (430) | - | (430) |
| Отпис/продажби | 2,172 | - | - | 2,172 |
| Трансфери | - | - | - | - |
| **На 31 декември 2019** | - | (1,895) | - | (1,895) |
| **Книговодствена Вредност На 31 декември 2019** | - | 877 | 2,601 | 3,478 |
| **Книговодствена Вредност На 31 декември 2018** | - | 1,233 | 2,601 | 3,834 |

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ
31 декември 2019**

## 13. НЕДВИЖНОСТИ, ПОСТРОЈКИ И ОПРЕМА (Во илјади Денари)

| | Земјиште | Градежни објекти | Постројки, опрема, канц. мебел, возила | Инвестиции во тек | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|
| **Набавна вредност** | | | | | |
| **Состојба, 1 јануари 2019** | **20,768** | **11,345,147** | **286,477** | **101,966** | **11,754,358** |
| Набавки | - | - | - | - | - |
| Упис на легализација на земјиште и згради во ПЕ Битолско поле | 11,243 | 34,132 | - | - | 45,375 |
| Усогласување на материјали со финансиска сандемција во ПЕ Брегалница Кочани | - | (3,120) | - | - | (3,120) |
| Продажба / отпис | - | - | (910) | - | (910) |
| Трансфер | - | - | 26,718 | (26,718) | - |
| Обезвреднување | - | - | - | - | - |
| **Состојба, 31 декември 2019** | **32,011** | **11,376,159** | **312,285** | **75,248** | **11,795,703** |
| **Акумулирана депрецијација** | | | | | |
| **Состојба, 1 јануари 2019** | - | **(6,048,764)** | **(154,096)** | - | **(6,202,860)** |
| Трошок за годината | - | (302,946) | (17,277) | - | (320,223) |
| Продажба / отпис | - | 642 | 548 | - | 1,190 |
| **Состојба, 31 декември 2019** | - | **(6,351,068)** | **(170,825)** | - | **(6,521,893)** |
| **Сметководствена вредност на 31 декември 2019** | 32,011 | 5,025,091 | 141,460 | 75,248 | 5,273,810 |
| **Сметководствена вредност на 31 декември 2018** | 20,768 | 5,296,383 | 132,381 | 101,966 | 5,551,498 |

*(Продолжува)*

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември 2019**

## 13. НЕДВИЖНОСТИ, ПОСТРОЈКИ И ОПРЕМА (Продолжение)

***Земјиште-31.12.2018***
Земјиштето во вкупен износ од Ден 20,768 илјади, се однесува на земјиште во подружница Тиквеш-Кавадарци со вредност од Ден 20,316 илјади; земјиште со вредност од Ден 36 илјади во подружница Јужен Вардар-Гевгелија и земјиште во Полог-Гостивар со вредност од Ден 425 илјади.

На 31.12.2018 година е направен трансфер на канали за одводнување кои биле погрешно евидентирани како земјиште. Трансферот од земјиште во градежни средства е извршен во подружница Битолско Поле-Битола, во износ од Ден 1,634 илјади.

***Земјиште*-31.12.2019**
Во 2019 година вредноста на земјиштето е зголемена за Ден 11,243 илјади со евидентирање на Имотен лист бр.3527 во кој корисничко право има Друштвото (ПЕ Битолско Поле) додека сопственик е Република Северна Македонија.

***Градежни објекти - 31.12.2018***
Градежните објекти на подружниците се состојат од згради и канали за наводнување/одводнување.Сите се во сопственост на Република Северна Македонија а Друштвото поседува само право на користење.

Во 2018 година, кај градежните средства е евидентирано зголемување од Ден 3,812 илјади што произлегува од трансфер направен од Подружница Битолско Поле во износ од Ден 1,634 илјади и рекласификација од Инвестиции во тек во градежни средства во износ од Ден 2,178 илјади во Подружница Кочанско Поле-Кочани.

***Градежни објекти* - 31.12.2019**
Во 2019 година е добиен Имотен лист бр.70886 за градежни објекти во сопственост на Друштвото ( ПЕ Битолско Поле-Битола) со проценета вредност од Ден 34,132 илјади

Во ПЕ Црн Дрим-Охрид сеуште не се евидентирани градежни објекти (управна зграда, магацини и тн. иако истите се користат, со образложение дека за нив не постои документ за сопственост. Тоа е во спротивност со одредбите на МСС 16 според кои економската сопственост, а не правната сопственост е предуслов за евидентирање на средствата во рамките на материјалните средства.

***Опрема,алат, возила и мебел - 31.12.2018***
Зголемувањето на опрема се однесува на тешка механизација добиена од донирани средства евидентирани во Дирекцијата на Друштвото со сегашна вредност на 31.12.2018 година од Ден 92,949 илјади.

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември 2019**

## 13. НЕДВИЖНОСТИ, ПОСТРОЈКИ И ОПРЕМА (Продолжение)

### 13.1. МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА ДОБИЕНИ НА КОРИСТЕЊЕ

***31.12.2018***

ПРИЛОГ бр.1- Детален приказ на средства добиени на користење по подружници во состав на АД Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост, на 31.12.2018 година по Одлука на ОД бр.0202-879 /14.03.2019.

<u>Во Денари</u>

| Подружница | Земјиште | Градежни сва | Акумулирана депрецијација на градежни средства | Инвестиции во тек | Опрема | Акумулирана депрецијација на опрема | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | С/ка 010 | С/ка 011 | С/ка 0191 | С/ка 016 | С/ка 012 | С/ка 0192 | С/ка 2940 |
| Тиквеш-Кавадарци | 20.316.252 | 949,859.959 | (818,700,060) | 69.227.589 | - | - | 220,703,740 |
| Јужен Вардар -Гевгелија | 26.482 | 286,241,571 | (139,206,104) | - | - | - | 147,061,949 |
| Црн Дрим-Охрид | - | - | - | - | - | - | - |
| Радовишко Поле -Радовиш | - | 1.643.833.612 | (797,943,467) | - | - | - | 845.890.145 |
| Поле-Гостивар | 424.800 | 1.366,088.552 | (125.440,749) | - | - | - | 1,241,064,603 |
| Кумановско Поле-Куманово | - | 189.387.125 | (55.910.651) | - | - | - | 133.476.474 |
| Берово-Берово | - | 73.850.052 | (5.527.173) | - | - | - | 68.322.879 |
| Битолско Поле-Битола | - | 1.634.242 | - | - | - | - | 1.634.242 |
| Скопско Поле-Скопје | - | 598.432.805 | (358.605.485) | - | - | - | 239.827.320 |
| Струмичко Поле-Струмица | - | 1.930.592.533 | (1.299.373.638) | - | - | - | 631.218.895 |
| Брегалница-Кочани | - | 4.145.757.235 | (2.425.054.400) | - | - | - | 1.720.702.835 |
| Прилепско Поле-Прилеп | - | 159.477.341 | (23.002.272) | - | - | - | 136.475.069 |
| Дирекција-Скопје | - | - | - | - | 105.263.080 | (12.314.402) | 92.948.678 |
| **ВКУПНО** | **20,767,534** | **11,345,147,027** | **(6,048,763,998)** | **69.227,589** | **105.263.080** | **(12.314.402)** | **5.479.326.830** |

Во отсуство на утврден финансиски статус на сопственоста на недвижностите, Одборот на директори го утврди статусот –добиени на користење без право на сопственост, со своја Одлука бр.0202-879 од 14.03.2019 година.Во листата е вклучена и донирана градежна механизација.

## 13. НЕДВИЖНОСТИ, ПОСТРОЈКИ И ОПРЕМА (Продолжение)

### 13.1. МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА ДОБИЕНИ НА КОРИСТЕЊЕ

*31.12.2019*

За 2019 година ваква Одлука УО на Претпријатието нема донесено, меѓутоа, врз основа на сметководствената евиденција, книговодствената состојбата на средствата добиени на користење во Друштвото е следна:

| Подружница | Земјиште | Градежни с/ва | Акумулирана депрецијација на градежни средства | Инвестиции во тек | Опрема | Акумулирана депрецијација на опрема | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | С/ка 010 | С/ка 011 | С/ка 0191 | С/ка 016 | С/ка 012 | С/ка 0192 | С/ка 2940 |
| -Тиквеш-Кавадарци | 20,316,252 | 949,859,959 | (840,223,626) | 69,425,237 | - | - | 199,377,821 |
| -Јужен Вардар - Гевгелија | 26,482 | 286,241,571 | (149,662,459) | - | - | | 136,605,594 |
| -Црн Дрим-Охрид | - | - | - | - | - | | - |
| -Радовишко Поле - Радовиш | - | 1,643,833,612 | (839,140,747) | | - | - | 804,692,865 |
| -Полог-Гостивар | 424,800 | 1,366,080,552 | (166,929,069) | - | - | | 1,199,576,283 |
| -Липковско Поле Куманово | - | 189,387,125 | (61,722,095) | - | - | - | 127,665,030 |
| Берово-Берово | - | 114,269,613 | (33,599,681) | - | - | - | 80,669,932 |
| Битолско Поле-Битола | 11,243,200 | 1,634,242 | (49,027) | - | - | - | 12,828,415 |
| Скопско Поле-Скопје | - | 598,432,805 | (372,995,997) | | | - | 225,436,808 |
| Струмичко Поле-Струмица | - | 1,930,592,533 | (1,355,846,775) | | | - | 574,745,758 |
| Брегалница-Кочани | - | 2,617,997,686 | (1,761,617,477) | | - | - | 856,380,209 |
| Прилепско Поле-Прилеп | - | 159,477,341 | (26,989,205) | - | - | - | 132,488,136 |
| Свети Николе-Св.Николе | - | 1,484,220,431 | (741,439,033) | - | - | - | 742,781,398 |
| Тетово-Тетово | - | - | - | - | - | - | - |
| Дирекција-Скопје | - | | | - | 105,263,080 | (22,840,710) | 82,422,370 |
| ВКУПНО | 32,010,734 | 11,342,027,470 | (6,350,215,191) | 69,425,237 | 105,263,080 | (22,840,710) | 5,175,670,620 |

БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ
31 декември 2019

## 14. ДОЛГОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ ВЛОЖУВАЊА ВО СРЕДСТВА РАСПОЛОЖИВИ ЗА ПРОДАЖБА

| | Во илјади Денари | |
|---|---|---|
| | Годината што завршува на | |
| | 31 декември 2019 | 31 декември 2018 |
| Средства расположиви за продажба: | | |
| -Акции во Комерцијална банка АД-Скопје | 1,305 | 1,305 |
| -Акции во УНИ Банка АД-Скопје | 4,500 | 4,500 |
| | **5,805** | **5,805** |

## 15. ПАРИ И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ

| | Во илјади Денари | |
|---|---|---|
| | Годината што завршува на | |
| | 31 декември 2019 | 31 декември 2018 |
| Пари во банка-Денари | 127,048 | 14,784 |
| Благајна-Денари | 12 | 91 |
| | **127,060** | **14,875** |

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември 2019**

## 16. ПОБАРУВАЊА ОД КУПУВАЧИ

| | Во илјади Денари | |
|---|---|---|
| | Годината што завршува на | |
| | 31 декември 2019 | 31 декември 2018 |
| Побарувања од интерни односи | 3 | - |
| Побарувања од комитенти | 470,532 | 426,366 |
| Спорни и сомнителни побарување | 64,969 | 97,173 |
| Исправка на вредноста за сомнителни и спорни побарувања | (64,944) | (97,173) |
| Побарувања за дадени аванси | 15,163 | 19,818 |
| | 485,723 | 446,184 |

Во рамките на побарувањата од комитенти од Ден 470,532 илјади (2018: Ден 426,366 илјади) според старосната структура продуцирана од сметководствениот софтвер на Друштвото се вклучени побарувања постари од 3 и повеќе години во износ од
Ден 170,457 илјади (2018: Ден 133,117 илјади) за кои во финансиските извештаи не е направена исправки поради застареност.

## 17. ОСТАНАТИ ПОБАРУВАЊА

| | Во илјади Денари | |
|---|---|---|
| | Годината што завршува на | |
| | 31 декември 2019 | 31 декември 2018 |
| Побарување за повеќе платен ДДВ | 1,200 | 1,164 |
| Побарување за ДД | 1,725 | 1,083 |
| Побарување за ПД | 10 | 10 |
| Побарувања од вработени | 1,528 | 1,408 |
| Однапред платени трошоци | 31 | 31 |
| Останати побарувања | 346 | 3 |
| | 4,840 | 3,699 |

## 18. ЗАЛИХИ

| | Во илјади Денари | |
|---|---|---|
| | Годината што завршува на | |
| | 31 декември 2019 | 31 декември 2018 |
| Материјали во магацин | 11,707 | 13,100 |
| Резервни делови | 4,437 | 4,757 |
| Ситен инвентар во магацин | 319 | 290 |
| Ситен инвентар во употреба | 2,623 | 2,767 |
| Залиха на авто гуми | 212 | 211 |
| Авто гуми во употреба | 287 | 288 |
| | (2,796) | (2,914) |
| | **16,789** | **18,499** |

## 19. ОБВРСКИ КОН ДОБАВУВАЧИ

| | Во илјади Денари | |
|---|---|---|
| | Годината што завршува на | |
| | 31 декември 2019 | 31 декември 2018 |
| Обврски во интерни односи | - | - |
| Обврски кон домашни добавувачи | 142,538 | 152,292 |
| Обврски кон добавувачи од странство | 14,295 | 14,295 |
| Обврски за примени аванси | - | - |
| Обврски за нефактурирани обврски | 15,401 | 8,080 |
| | **172,234** | **174,667** |

Обврската кон добавувачи од странство од Ден 14,295 илјади (2018: Ден 14,295 илјади) се однесува на неплатена обврска кон фирмата Корковадо. За овој долг е поднесена тужба против Друштвото и истата е сеуште во постапка.

## 20. ОСТАНАТИ ТЕКОВНИ ОБВРСКИ

| | Во илјади Денари | |
|---|---|---|
| | Годината што завршува на | |
| | 31 декември 2019 | 31 декември 2018 |
| Обврска за ДДВ | 34,177 | 24,137 |
| Овреска за данок на добивка | 12,435 | 1,357 |
| Обврски кон вработени | 34,982 | 34,051 |
| Обврски за Одбор на директори | - | - |
| Останати обврски | 10.380 | 2,234 |
| Обврски за лизинг | - | 1,399 |
| | **91,974** | **63,178** |

## 21. ОБВРСКА ЗА КРАТКОРОЧНА ПОЗАЈМИЦА

| | Во илјади Денари | |
|---|---|---|
| | Годината што завршува на | |
| | 31 декември 2019 | 31 декември 2018 |
| Обврска за краткорочен безхаматен заем | 93,000 | - |
| | **93,000** | - |

Во 2019 година е склучен Договор бр.0307-3315 од 27.11.2019 година со Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија и Друштвото. Со овој Договор на Друштвото му е одобрена безкаматна позајмица од Ден 93,000 илјади со обврска за враќање на 31.12.2020 година.

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември 2019**

## 22. АКЦИОНЕРСКА ГЛАВНИНА

*Основна главнина*
Главнината на Друштвото е претставена со 6.150 обични акции со номинална вредност од Ден 1,000 /акција и вкупна вредност во 2019 и 2018 година од:

| Основач | 2019 Еур | 2018 Еур | 2019 Денари | 2018 Денари |
|---|---|---|---|---|
| Влада на Република Северна Македонија | 587,805 | 100,000 | 36,150,000 | 6,150,000 |

Во 2019 година е добиено одобрение од Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија по Одлука бр.45-5458/1 од 23.07.2019 година за издавање долгорочни хартии од вредност –втора емисија на 30.000 обични акции со вредност од Ден 30,000 илјади за зголемување на акционерската главнина по пат на приватна понуда.
Во Централниот Регистар на Република Северна Македонија, називот на Друштвото сèуште не е дополнет со придавката Северна, а исто така, иако е регистрирана акционерска главнина од Ден 36,150,000, капиталот на основачот сеуште се води во износ Ден 6,150,000.

*Законска резерва*
Задолжителната (законска) резерва е регулирана со одредбите на Законот за трговски Друштва.Законска обврска на Друштвото е да формира задолжителен фонд со издвојување 5% од остварената добивка во годината, сè до моментот додека не достигне 10% од основачкиот капитал. Доколку законската резерва не достигне 10% од основачкиот капитал, истата може да се користи само за покривање на загуби.Износот на законската резерва над законскиот минимум од 10%, може да се користи за исплата на дивиденда доколку за тоа се донесе одлука од страна на сопственикот.

*Посебна резерва*
Во согласност со Законот за трговски друштва и член 41 од Статутот на Друштвото ("Службен весник на Република Македонија" бр/187/2015 со пратечки дополнувања),е предвидено формирање посебна резерва. Во Статутот не е наведена намената на оваа резерва.

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември 2019**

## 23. ДОЛГОРОЧНА ОБВРСКА ЗА ОДЛОЖЕНИ ПРИХОДИ

| | Во илјади Денари | |
|---|---|---|
| | Годината што завршува на | |
| | 31 декември 2019 | 31 декември 2018 |
| **Долгорочни обврски за одложени приходи** | | |
| -Почетно салдо | 5,479,327 | - |
| Земјиштe добиено на користење | 11,243 | 20,768 |
| -Згради и канали за наводнување/одводнување | - | 11,345,146 |
| -Акумулирана депрецијација на градежни објекти добиени на користење и донирана опрема | - | (6,061,078) |
| -Намалување поради усогласување на материјална со финансиска евиденција на градежни средства во ПЕ Брегалница - нето ефект | (1,878) | - |
| -Зголемување поради корекција на инвестиции о тек во ПЕ Тиквеш-Кавадарци | 416 | - |
| -Тековна депрецијација на градежни објекти добиени на користење и донирана опрема | (302,946) | - |
| -Опрема | (10,492) | 105,263 |
| -Инвестиции во тек | - | 69,228 |
| | 5,175,670 | 5,479,327 |

Долгорочните обврски за одложени приходи се однесуваат на приходи еднакви на тековната депрецијација на материјалните средства (недвижности, постројки и опрема) што се набавени или добиени како државни поддршки.

Во 2016 година е извршена промена на начинот на евидентирање на државните поддршки (МСС 20 - Сметководство за државни поддршки и обелоденување на државна помош) од капитален во приходен метод чие користење се продолжува и денес.

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември 2019**

## 24. УПРАВУВАЊЕ СО ФИНАНСИСКИ РИЗИК

*Кредитен ризик*
Основните финансиски средства на Друштвото се обврските кон добавувачи, готовина и пари во банка и долгорочни кредити што заедно го претставуваат максималното експонирање на Друштвото на кредитен ризик.

Кредитниот ризик на Друштвото се однесува најмногу на обврските кон добавувачи и долгорочните кредити.

*Даночен ризик*
Предмет на даночна контрола може да биде книговодствената евиденција на Друштвото ретроактивно до 5 години и истата може да резултира во дополнитлни обврски по основ на даноци. Раководството на Друштвото нема сознанија за било какви дополнителни околности кои можат да создадат потенцијални материјални обврски во тој поглед.

## 25. ОДНОСИ СО ПОВРЗАНИ СТРАНИ

Сите трансакции со поврзаните страни се извршени во вообичаени деловни односи, по услови слични на оние кои се нудат на неповрзани страни. Трансакциите со поврзаните страни и салдата на 31 декември 2019 и 2018 година се следни:

| | Во илјади Денари | |
|---|---|---|
| | 31 декември 2019 | 31 декември 2018 |
| **Влада на Република Северна Македонија** | | |
| **(основач и единствен акционер)** | | |
| - Побарувања од поврзани субјекти | - | - |
| - Обврски кон поврзани субјекти | - | - |
| -Зголемување на акционерска главнина | 30.000 | - |

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември 2019**

## 26. НЕИЗВЕСНИ ОБВРСКИ

Документацијата на Друштвото не била предмет на постојана даночна контрола (освен за ДДВ.) Дополнителни даноци и други давачки кои можат да произлезат од такви контроли, во овој момент не можат со сигурност да се предвидат.
Импликациите од појавата на COVID-19, доколку ги има, во овој момент не можат со сигурност да се утврдат.

## 27. СУДСКИ СПОРОВИ

Заклучно со 31 декември 2019, против Друштвото се покренати тужбени постапки од правни и физички лица во вредност од Ден 61,181 илјади. За покренатите тужби Друштвото нема направено резервации во своите финансиски извештаи.

Од своја страна, Друштвото има покренато тужбени постапки против правни и физички лица за износ од Ден 54,815 илјади.

## 28. ВАЛУТНИ КУРСЕВИ

Официјалните девизни курсеви за Еврото на 31 декември, 2019 и 2018 биле:

| | Во Денари | |
|---|---|---|
| | 31 декември 2019 | 31 декември 2018 |
| Евр | 61,4856 | 61,4950 |